Врз основа на член 2 од Правилникот за за начинот на ангажирање на постојаните судски преведувачи за потребите на Министерството за правда и висината на наградата за извршен писмен превод бр.01-3844 од 25.07. 2018 година, Министертвото заправда објавува

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
08 - 3947/1
06. 08. 2018

# ЈАВЕН ПОВИК

## за пријавување на кандидати за постојани судски преведувачи за потребите на Министерството за правда за вршење на писмен превод

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој јавен повик е пријавување на кандидтати за вршење на писмен превод од редот на постојаните судски преведувачи во Република Македонија.

Министерството за правда за секој јазик ќе изготви Листи на судски преведувачи по азбучен ред на нивното презиме, со кои ќе биде склучен договор за соработка.

2. ДОГОВОРЕН ОРГАН

Министерство за правда, ул.Димитрије Чуповски бр. 9 Скопје

3. ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Договорите склучени помеѓу Министерство за правда и избраните кандидати се со неограничено траење од денот на склучување на договорите.

4. ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА АПЛИЦИРАЊЕ

- Пријава – Образец бр. 1
- Решение со кое кандидатот е поставен за постојан судски преведувач
- Кратка биографија (CV)

5. НАЧИН И РОК ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА

Пријавата се поднесува по електронски пат заедно со решението и кратката биографија во рок од 8 дена од денот на објаување на јавниот повик на следните електронски адреси: driskovska@mjustice.gov.mk и mnikolovska@mjustice.gov.mk .

Пријавите кои нема да ги содржат бараните податоци на овој јавен повик, ќе се сметаат за некомплетни и нема да се разгледуваат.

Прашања за појаснување може да се постават по електронски пат на погоренаведените електронски адреси.

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
д-р Рената Дескоска